Младински Културен Центар – Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2021

БИТОЛА, МАРТ 2022

## ЗА МКЦ-БИТОЛА

Младински културен центар - Битола е непрофитна, граѓанска организација за млади основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

**Долгорочни цели:**

- Развој на волонтерството и неформалната едукација;
- Развој на демократското и граѓанското општество;
- Развој на урбаната култура и продукција.

**Краткорочни цели:**

- Одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија;
- Подобрување и јакнење на вештините кај младите;
- Поддршка и потикнување на граѓански иницијативи и кампањи;
- Поддршка и афирмација на урбаната култура.

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година. Од 2015 година сме национален координатор на активностите на Регионалната платформа за социјални иновации во младинското вработување во југоисточна Европа - YOUSEE. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ),  МКЦ - Битола е неформално вмрежена со 6 партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Струмица.

Од 2019 година МКЦ-Битола е национален координатор на проектот ROUTE WB6 под лидерство на РИКО (RYCO)  за воспоставување на регионална програма за размена на волонтери на Западен Балкан.

МКЦ - Битола е регионална канцеларија на ГА МОСТ, член на младинските платформи Национален младински совет на Македонија (НМСМ) и Сојуз за младинска работа (СМР), член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе,  Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Мрежа за поддршка на млади претприемачи, Платформата за медиумска писменост, Мрежата за финансиска одржливост на ГО, Мрежата на граѓански организации за реформа и развој на локалната и месната самоуправа „Заедница“, Јадро - Асоцијација на  независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри “Time to talk”.

## ВОВЕД

За повеќе од 20 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Седумнаесет години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а четиринаесет години организира доделување на национални волонтерски награди – златен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола од 2006 година години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја  размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

МКЦ – Битола активно се вклучува во процесите на креирање на јавните политики на локално и на национално ниво, како и во мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. МКЦ - Битола учествува во национални проекти како локален или регионален партнер при изработката на мониторинг извештаи (транспарентност икомуникации со јавност на општините,  јавни набавки, децентрализација) кои се однесуваа на општините  од Пелагониския регион - Битола, Демир Хисар, Новаци, Ресен, Могила, Крушево, Кривогаштани, Долнени, Прилеп.  Дополнително, МКЦ – Битола води и активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството 2010-2015, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации 2019-2022, Стратегија за волонтерство на општина Битола 2015 – 2018, иницијатива за формирање на локален младински совет на општина Битола, иницијатива за формирање на Национален младински совет, Локална стартегија за намалување на младинската невработеност на Ромите во општина Битола 2018-2020, воспоставување на Локален совет за волонтирање во општина Битола, подготовка на Акциски план на ЛЕСС Битола 2019 – 2022, Стратегија за промоција и развој на волонтерството 2021-2025).

На крај, 2021 година ја обележа МКЦ – Битола како силна волонтерска организација за млади, овозможувајќи им на таков начин активно учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ:

Во текот на 2021 година, МКЦ – Битола продолжи со развивање и реализација на проекти и активности во рамките на новите пет програми:

1. Волонтерство
2. Неформално образование и јакнење на вештини на младите
3. Граѓански активизам
4. Урбана култура
5. Организациски развој

Развивањето на проектите и програмите претставува широко партиципативен процес на планирање врз база на потребите на корисниците и заедничка соработка со други граѓански организации и партнери од земјата и регионот. Притоа, главните компоненти на програмските активности за 2021 година беа насочени кон:

- Зајакнување на активизмот меѓу младите во локалната заедница преку волонтирање и понуда на можности за неформално образование,
- Поддршка на процесите за унапредување на социјалниот дијалог и партиципативно носење на одлуки на локално ниво
- Поттикнување и активно учество во иницијативи на локално и национално ниво за намалување на младинската невработеност
- Прилагодување и реорганизација на активностите поради пандемијата на КОВИД-19 и почитување на пропишаните протоколи за заштита при организирање на настани
- Активно учество и организација на јавни дебати, трибини и работилници за клучни прашања за граѓанскиот ангажман (волонтерство, младинска работа, вработливост на младите, активни мерки за вработување, практикантство, неформално образование, социјално претприемништво, младински активизам, младинско организирање),
- Поддршка за урбаната култура и продукција.

Програмата за 2021 година беше реализирана со поддршка на: Меѓународниот центар Олоф Палме, РИКО програмата со фондови на Министерството за надворешни работи на Норвешка, Европската Комисија, СОС Детско село Северна Македонија, Меѓународна организација на трудот, УНДП, Министерството за култура на РСМ, Фондација Отворено општество – Македонија и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.

## ПРОГРАМА: ВОЛОНТЕРСТВО

## ПРОЕКТ: ROUTE WB6 (ПАТ ЗАПАДЕН БАЛКАН 6)

МКЦ-Битола е партнерска организација во конзорциум од 6 организации од Западен Балкан под водство на RYCO кои имаат за цел да имплементираат регионална програма за размена на волонтери како придонес кон помирувањето и подоброто разбирање помеѓу младите во овие земји.

Волонтерските размени започнаа во летото 2021 година, во три варијанти: **МИНИ** (волонтирање на регионални фестивали до 7 дена), **МИДИ** (волонтирање на волонтерски кампови до 14 дена) и **МАКСИ** (волонтирање во граѓански организации до 2 месеци). Вкупно беа разменети околу **200 волонтери**, млади луѓе од сите земји на Западен Балкан. Програмата им овозможи на над **30 волонтери** од Северна Македонија да учествуваат во волонтерските размени.

Во рамките на оваа програма за време на новото издание на фестивалот **„Битола отворен град 2021“** организиравме волонтерски камп со **12 волонтери** од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Црна Гора. Интеркултурното учење, растот и развојот на младите во креативна и ангажирана средина беа основни карактеристики на кампот. Самиот камп промовира соработка, помирување и надминување на етничката дистанца помеѓу младите од Балканот. Волонтерите беа вклучени во логистичка и техничка поддршка на настаните на фестивалот, во промотивни активности на терен, како и во поддршка на уметниците кои беа присутни на фестивалот.

Како претставник на проектниот конзорциум “ROUTE WB6” Златко Талевски од МКЦ-Битола беше ко-фасилитатор на работната група за Волонтерство во рамките на **Форумот за Западен Балкан на Берлинскиот самит 2021**. Препораките на сите работни групи од Самитот во форма на „Регионална младинска агенда“ беа претставени и дистрибуирани до носителите на одлуки (Претседатели, Премиери, Министри) од ЕУ и од земјите на Западен Балкан.




Во рамките на регионалната конференција одржана во Тирана, Албанија во декември 2021 **„Подобар регион започнува со волонтирање“** Златко Талевски од МКЦ-Битола беше панелист на една сесија и ја претстави идејата за поднесување на кандидатура на општина од Западен Балкан за иницијативата **Европска престолнина на волонтирањето** која ја спроведува **Европскиот волонтерски центар од Брисел.**

Во рамките на активностите за застапување бевме активно вклучени во мешовитата работна група за подготовка на законски измени за волонтерството и за подготовка на новата **Национална стратегија за развој на волонтерството 2021-2025**, која беше усвоена од Владата на РСМ во септември 2021 година. Проектот е поддржан со фондови на Министерството за надворешни работи на Норвешка.

## ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИЈА ВО СОРАБОТКА СО ОУ „СВ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

Основното образование е вистинско време и место за поттикнување на волонтерска работа и будење на сетилата за помош во заедницата. МКЦ - Битола и годинава поттикна волонтерство и во соработка со ОУ „Св. Климент Охридски“-Битола организираа волонтерска акција. Шаренилото на оштетените ѕидови беше одлична причина со дел од учениците од ова училиште да продискутираме за волонтерските вредности. Под менторство на наставникот по ликовно образование Стевче Тодоровски, реализиравме одлична еду-естетска волонтерска акција која е поддржана од Локалниот Совет за волонтерство на Општина Битола - ЛСВ.






**🥇ЗЛАТЕН ВОЛОНТЕРСКИ СЕРТИФИКАТ ЗА 2021 доделивме на ВОЛОНТЕРИТЕ КОИ СПАСУВААТ ЖИВОТИ**

Затоа што Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид годинава реализира 📍12 спасителни операции за извлекување и помош на повредени лица, 📍25 асистенции за извлекување на заглавени возила во снег на Галичица, 📍2 спасителни операции за извлекување на домашни миленичиња, а учествуваше и во 📍гаснење на шумскиот пожар на планината Галичица, асистирајќи им на надлежните служби. Затоа што оваа Служба прави да се чувствуваме безбедно во регионот околу Охридското Езеро.

Волонтерскиот ентузијазам, владеењето на алпинистичките вештини и стремежот за исполнување на највисоките светски стандарди, поткрепени со доверба од институциите и заедницата, секогаш резултираат со квалитет – велат претставниците од Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид.

Ја истакнаме оваа иницијатива за да оддадеме јавно признание и благодарност на сите овие луѓе кои прават да се чувствуваме безбедно во регионот околу Охридското Езеро. Ја истакнавме оваа иницијатива да поттикнеме нови вакви иницијативи и да се потсетиме дека треба да помагаме со ист ваков ентузијазам и со чисто срце, да си посакаме помалку интервенции за спасување и поголема територија каде ќе се чувствуваме вака безбедно како што се чувствуваме во регионот околу Охридското Езеро благодарение на Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид.



## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НОВИ МОЖНОСТИ - БИТОЛА

Програмата се спроведува како резултат на соработката и партнерството меѓу Младински културен центар- Битола и СОС Детско село Северна Македонија која започна во јуни 2020 година.

Главната цел на програмата е да се подобрат **изгледите за вработување и активно учество на пазарот на трудот** на ранливите и загрозените млади од Битола на возраст од 16 до 35 години. Програмата за животни вештини и вработливост наменета за млади лица, обезбедува комплетна поддршка пред вработување преку обуки, менторство и индивидуално советување, можност за практична работа за стекнување работно искуство и можност за бесплатна стручна доквалификација.

Во рамките на 2021 година **40 учесници** успешно ја завршија програмата за обука заклучно со месец декември 2021 година. Корисниците на програмата поминаа низ процес на едукација за Животни вештини и Вработување, кариерно менторство за индивидуален и професионален развој. На учесниците им беа овозможени шанси и можности да реализираат практиканска работа во некоја битолска компанија и/или стручен курс кој ќе им помогне во иднина при нивното вработување. По завршување на програмата, учесниците се стекнуваат со Сертификат кој ќе овозможи полесно вработување според интересите и компетенциите на учесниците.



## ЛОКАЛНИ ПАРТНЕРСТВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ – БИТОЛА СТАРТ АП ЦЕНТАР

Под водство на Локалниот економско социјален Совет на општина Битола, партнерите (Општина Битола, Младински културен центар-Битола; Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА плус; Техничкото училиште „Ѓорѓи Наумов“ - Битола; Регионална Стопанска комора Битола; АВРСМ; Интерворкс Едукативен Центар – Битола; Универзитет “Св. Климент Охридски“ - Битола) спроведоа активности за поголема вработливост во Пелагонискиот Регион, промовирање на екосистем за стартапи и поддршка на претприемништвото.

Во склоп на локалното партнерство за вработување БИТОЛА СТАРТАП ЦЕНТАР во мај 2021 година организиравме САЕМ ЗА КАРИЕРА. Во време на пандемија, веднаш после карантин, кога мерките беа сеуште строго поставени успеавме да организираме Саем на кариера и сето тоа не влијаеше на програмата и квалитетот на настанот. Обезбедивме простор за комуникација помеѓу работодавачи и баратели на работа.

📶Околу 200 отворени работни позиции,

📶20 компании,

📶Околу 185 посетители,

◾65 учесници во подготвителната програма за јакнење на капацитети за вработливост,

◾4 мотивациски говорници

🟥15 вработувања

🟥2 практикантски позиции

🟥2 доделени стипендии

Еве вака изгледа тоа визуелно, но она што не се гледа на инфографикот е пулсот на задоволството, задоволството од постигнатите резултати, задоволството од широкото конструктивно партнерство, задоволството од поттикнувачките повратни информации, сведоштва, од учесниците во овој процес.




https://www.facebook.com/bitolastartup

## МЛАДИНСКИ ИНФО КЛУБ БИТОЛА

Младински инфо клуб Битола е поддржан од УНДП, канцеларијата во Македонија. Целта на Младинскиот инфо клуб е информирање на младите невработени лица и студентите за можностите за (само)вработување, волонтирање, практикантство и професионално усовршување преку мерките и програмите за вработување, мерките за поддршка за креирање на нови работни места и зголемување на вработливоста на младите лица согласно Оперативниот план за вработување и други активни програми.

Годинава големо внимание посетивме на јакнење на капацитетите на младите за вработливост и нивно поврзување со бинис заедницата.

Преку оваа програма вклучивме и информиравме 513 млади, 153 млади беа клучени во неформално образование за стекнување на меки и струкови вештини и вработување, 40 млади се вработија со поддршка на активностите и програмата на клубот, продуциравме вкупно 13 информативни радио емисии на УКЛО ФМ насловени „Младински Фактор“.

246 мали, средни и големи компании беа контактирани во цел овој процес.




https://www.facebook.com/YouthInfoClubBitola

## ПРОЕКТ: ЗАЕДНО ДО НОВИ РАБОТНИ МЕСТА

Оваа иницијатива даде придонес кон намалување на младинската невработеност и зајакнување на главните врски помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд преку поддршка и јакнење на компетенциите на младите луѓе за полесно вработување и започнување на сопствен бизнис.

Со проектот беа опфатени 20 млади невработени лица 18 – 35 од Пелагонискиот регион, а посебен фокус беше ставен на млади лица од ранливи категории семејства и корисници на социјална помош и беа вклучени во сет на обуки за користење на современи и актуелни алатки за вработливост согласно моменталните потреби на работодавачите, како и личен кариерен развој. Владата на Република Северна Македонија беше поддржувач на проектот.

## ПАРТНЕРСКИ ПРОЕКТ КА2 ЕРАЗМУС+: ПО ПАТОТ НА ПОМИРУВАЊЕТО – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА МИРНО ОПШТЕСТВО

**„По патот на помирувањето – зајакнување на заедниците за мирно општество“** е проект за градење на капацитетите финансиран од Европската Унија во рамките на Еразмус+ програмата. Водечки апликант е организацијата „Beyond Barriers Association„ од Албанија во соработка со пет други партнери од: Босна и Херцеговина – „Mladi Volonteri“, Хрватска „LDA Sisak“, Косово – „Lens“, Северна Македонија – Младински културен центар – Битола, Србија „Едукативни центар Крушевац“.

Активностите во 2021 година вклучуваа превод и публикување на **Прирачникот за Интеркултурно учење** кој беше промовиран на работилници за наставници и младински работници во МКЦ-Битола. Организиравме и неколку промотивни настани за презентација на изложбата на фотографии од млади луѓе кои беа вклучени во младинските размени во проектот, на тема **„Борба против говорот на омраза“.**

## ПАРТНЕРСКИ ПРОЕКТ КА2 ЕРАЗМУС+: ЛАБАРАТОРИЈА ЗА ИНОВАЦИИ ВО ПОМИРУВАЊЕТО

Под водство на Младинската мрежа на југоисточна европа **(SEEYN)** партнерски го спроведуваме долгорочниот проект **„Peace Innovation Lab – Youth Work Edititionˮ**.

Во ноември 2021 година бевме домаќини на меѓународен тренинг курс **“Change Academy”** на кој 25 млади луѓе од 9 европски земји ги зајакнуваа своите капацитети за развивање на детални програми и методологии за имплементација на младински активности насочени кон мир и помирување.

Проектот е ко-финансиран од програмата Еразмус+ на Европската Комисија.

## ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

### ПРОЕКТ „УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЗАЕДНИЦАТА“

Проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“ е насочен кон подобрување на состојбите за ефективно функционирање на Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) во нашата земја. Проектните активности во 2021 година овозможија да се поттикне поефикасно функционирање на ЛЕСС во пет општини – **Битола, Струга, Штип, Тетово и Гостивар**, да се зајакнат капацитетите на ЛЕСС преку подобрување на вештините и знаењата на членовите и нивно вмрежување.



Оваа година успешно се реализираа **14 јавни настани** - 5 работилници за партиципативност во донесување на одлуки на локално ниво, стратешко планирање и застапување, 1 обука наменета за членовите на ЛЕСС од 5-те општини за следење на спроведувањето на програмите на локалната самоуправа за социо-економски развој, 2 настани за вмрежување, 5 јавни дебати и 1 работилница за евалуација. Вкупно **277 учесници** – претставници на различни чинители беа активно вклучени во конструктивен дијалог, што во голема мера придонесе за создавање позитивна средина за учење, размена на мислења и информации и постигнување консензус за важни економски и социјални прашања од делокругот на локалната власт.

Проектот е поддржан од Меѓународниот институт Олоф Палме од Шведска.

## ГРАЃАНСКА АЛИЈАНСА ЗА ПРОМЕНИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Во пресрет на Локалните избори 2021, шест партнерски граѓански организации (НВО Инфоцентар, Младински културен центар-Битола, Центар на заедницата на општина Струга, Гласен Текстилец, Мултикултура и Види Вака), организираа серија активности за поттикнување на директното учество на граѓаните во јавната дискусија за приоритетите, проблемите и потребите во нивните локални заедници.

Основната идеја и цел на активностите е да се создаде форум за граѓански дијалог во девет општини во државава: Центар, Битола, Штип, Тетово, Струга, Кавадарци, Крива Паланка, Свети Николе и Демир Хисар. Во секоја од општините, во текот на септември, се реализираа консултативни средби со најразлични групи граѓани, на кои се дискутираа и се дефинираа проблемите, потребите, приоритетите и очекувањата од идните локални власти.  Во текот на изборната кампања, во секоја од општините се организираше јавна дебата на која сите кандидати за градоначалници и носители на советнички листи се соочија со граѓаните од својата општина,  и ги слушнаа нивните барања, потреби и очекувања. Форумот за граѓански дијалог е поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

## ГРАЃАНСКА МРЕЖА „ЗАЕДНИЦА“

По иницијатива на Форум ЦСИД – Скопје, МКЦ – Битола е еден од основачите на Мрежата на граѓански организации за реформа и развој на локалната и месната самоуправа **„Заедница“.** Мисијата на Мрежата е поврзување на граѓанските организации со цел зајакнување на нивната улога во процесите на децентрализација на Република Северна Македонија.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА НМСМ

Во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, МКЦ-Битола и НМСМ партнерски ја спроведуваа активноста „Youth Policy Labs“ која имаше за цел да обезбеди поддршка за работењето на регионалните канцеларии на НМСМ и зајакнување на нивните капацитети и позиционирање во процеси на креирање на политики на локално ниво. МКЦ-Битола во оваа активност ги следеше политиките за млади на локално и на ниво на пелагониски плански регион, ја следеше имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики на ниво на пелагониски плански регион и прибираше информации од општините  во регионот согласно претходно утврдена мониторинг матрица.

## ПАРТНЕРСКИ ПРОЕКТ СО АДИ-ГОСТИВАР „ОБЛАСТИ РАНЛИВИ НА КОРУПЦИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО“

Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) во соработка со МКЦ-Битола, организираше  јавна дебата во Битола на која се презентираа наодите од истражувањето **„Области ранливи на корупција на локално ниво“**. На дебатата се дискутираше за можностите за зајакнување на меѓуинституционалната соработка во сузбивањето на корупцијата.  Во рамките на проектот АДИ го публикуваше и **„Водичот за**

**антикорупција во локалната самоуправа“**. Водичот првенствено е наменет за носителите на одлуки и вработените во локалните самоуправи, но и за практичарите кои соработуваат со претставниците на локалната самоуправа и има за цел да служи како извор на релевантни информации во исполнувањето на обврските утврдени во антикорупциското законодавство, политиката на интегритет и нејзината примена на локално ниво.

## БЕСПЛАТНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

## ПРОЕКТ: „ПРАВНА ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА ГРАЃАНИТЕ ОД ФОРМАЛНАТА И НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО УСЛОВИ НА КРИЗА “

Долгогодишното обезбедување на примарна правна помош продолжи и во текот на 2021 година во рамките на проектот „Правна помош и поддршка за граѓаните од формалната и неформалната економија во услови на криза“. Овој проект имаше за цел да се зголеми информираноста на граѓаните за нивните права и начините на нивно заштитување и остварување од една страна, но и да придонесе кон унапредување на правото на граѓаните до правична судска заштита и пристап до правда од друга страна.

Во периодот од јануари до август 2021 година обезбедена е правна и административна помош на **166 граѓани** од Општина Битола. Истовремено, на **12 граѓани** обезбедена му е помош при пополнување формулари и обрасци до институции, **над 10 граѓани** се придружувани до институции на подрачјето на Општина Битола, како и поднесени се **8 барања** за секундарна правна помош (бесплатно застапување во судски постапки) од кои четири се правосилно завршени. Одржани се два отворени денови на кои поделени се информативни флаери преку кои граѓаните подетално се инфомирани и запознаени со правата и обврските од Законот за бесплатна правна помош. Активностите од проектот беа реализирани со финансиска поддршка од Фондација Отворено општество – Македонија.

## СОЦИЈАЛНО МЕНТОРСТВО

Асоцијација за истражување, комуникации и развој „Паблик“-Скопје во соработка со германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) во периодот август-декември 2021 година започна со обука на првата група социјални ментори од Северна Македонија (ментори за работна интеграција) кои ќе ги подготвуваат тешко вработливите лица при влез на пазарот на труд и ќе бидат нивна поддршка во процесот на работна интеграција. Станува збор за приод кој опфаќа алатки што им овозможуваат на тешко вработливите луѓе да ги препознаат своите силни страни, да бидат мотивирани и охрабрени да се вклучат на пазарот на труд, но и да се задржат на пазарот на труд. Методологијата се реализираше според верификувана програма од страна на Центарот за образование на возрасни и Министерството за образование. Десетте ментори ќе работата со по две менторирани лица.

Во рамките на оваа програма, МКЦ-Битола имаше свој претставник кој се стекна со верификуван сертификат со назив социјален ментор (ментор за работна интеграција), кој што во периодот септември-декември 2021 работеше со две менторирани лица. Тие лица никогаш не биле работно ангажирани и во моментот едно од нив е веќе вклучено на пазарот на труд.

## ЗЕЛЕН ФОТО ГЛАС

Во рамките на проектот „Зелен фото глас“ група од 15 средношколци од средното медицинско училиште од Битола беа вклучени во едукативен процес за подобрување на нивните знаења и вештини за граѓански активизам и подготовка и вклучување во еко кампањи. Тие научија како да ја користат фотографијата како медиум за подигнување на свеста кај граѓаните и креативно решавање на локални проблеми од областа на животната средина, како што се нечистотијата и фрлањето на отпадоци.





Средношколците работеа на развивање креативни пораки и преку герила акции директно придонесоа за поттикнување граѓанска одговорност и промена на навиките на локалното население за заштита на животната средина.  Во рамките на двете волонтерски акции, успешно ја мобилизиравме заедницата за чистење на отпадоци низ Битола и околината.





Проектот „Зелен фото глас“ се реализира од страна на МКЦ – Битола во соработка со СОМУ „Д-р Јован Калаузи“ од Битола, а со поддршка на Институтот за комуникациски студии, преку фондови на ЕУ.

## ПАБЛИК: ЛИЦЕ В ЛИЦЕ

Списанието „Лице в лице“ е единствено улично списание во државата кое истовремено врши двојна улога, односно ги засилува ранливите категории граѓани преку создавање услови и давање можности легално да остваруваат приходи, но, и ја подигнува јавната свест за социјална вклученост, демаргинализација на групи и на поединци, еколошка свест, културен развој, активизам во уметноста и во културата, општествена одговорност, волонтерство, образование.

Ова се дел од темите што се во фокусот на интерес на списанието. Излегува еднаш на два месеци, на 64 страници во боја. Функционира во склоп на мрежа на партнерски организации, вкупно пет, меѓу кои е и МКЦ-Битола, која промоцијата и дистрибуцијата на списанието ја прави продавачката Мубија Милошевска со теренска продажба.





## МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2021“

**БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД** е фестивал кој е повеќе од уметност. Овој фестивал, цели 2 децении обединува, креира и инспирира младинско учество преку уметност. Фестивалот е општествен процес низ кој поминале многу генерации. Фестивалот се одржа **од 9 до 12 септември 2021 година.** Во рамките на **Меѓународниот музички дијалог 2021** на фестивалот настапија:

### Kiril Djaikovski

Еден од првите уметници на електронската музичка сцена кој го вклопува балканскиот етно звук и елементите од македонската традиционална музика во модерна електронска продукција, но истовреено е познат и како извонреден автор на филмска и театарска музика. Веќе одамна ги надмина границите на регионот и како еден од изведувачите од овие простори со убедливо најуспешна интернационална кариера, ја претстави својата музика на главните бини низ најголемите музички фестивали во Европа.

### Stereo Banana (Србија)

Српска музичка група која е формирана во Ниш во 2010 година. Со силна концертна репутација, преку хип-хоп, брејк-бит, од реге до фанк, Стерео Банана за прв пат настапија во Битола.








### Love Itoya (Нигерија, Грција)

Нигериско-грчка уметница, пејачка, танчерка и продуцентка. Осумчлен музички состав се претстави со афро поп звуци. Моќното сценско присуство и енергијата, заедно со нејзините волшебни танцови потези ја поврзуваат оваа активистка и уметница со публиката. Нејзината кауза за подобрување на позицијата на жените во општеството, во секојдневниот живот и на професионално ниво ја прави уште поатрактивна.

### The BalGuns (Грција)

Одличен музички состав од Солун и Воден - Грција кој го расплети својот модерен стил и звук користејќи уникатни парчиња од џез, реге, фанк, ска и рокенрол.

Концертите се одржаа по сите протоколи за заштита од Ковид-19. Билетите беа бесплатни, но со задолжителна онлајн резервација, зашто бројот на посетители беше строго ограничен. Фестивалот беше поддржан од Министерството за култура, општина Битола и комерцијални спонзори.

## ИПА ПРОЕКТ SMART-CUL-TOUR

Проектот е дел од ИПА II на Програмата за прекугранична соработка на Република Северна Македонија и Република Албанија 2014-2020 и има за цел да го поттикнува туризмот, да го заштитува и промовира културното и природното наследство на целните региони со цел да овозможи избалансиран и одржлив социо-економски развој во прекуграничниот регион на **Пелагонија и Корча.**

SMART-CUL-TOUR е имплементиран од страна на пет партнери од двете соседни земји, и тоа: Општина Битола како носител на проектот и партнер институциите: Општина Пустец, НУ Завод и Музеј Битола, Регионален Директорат за култура од Корча и МКЦ – Битола.

- Во партиципативен и консултативен процес развивме 5 уникатни и атрактивни туристички понуди и нивни варијации, за групен и индивидуален туризам во регионот на Пелагонија и Корча.
- Иницираме започнување на деловна соработка помеѓу туристички оператори од двете земји и зголемен број посетители во целните региони што овозможува одржлив развој на локалната економија.
- Граѓаните и заедницата од регионот активно се вклучија и дадоа свој придонес во оваа приказна. Локалните жители станаа активни туристички оператори, нивните приказни, животи, вештини, како своевидни атракции за туристите, ги надополнуваат знаменитостите од туристичката понуда во регионот. Нивното искуство е непроценливо, а промената во животот на локалните жители е немерлива.




https://www.facebook.com/2SmartCulTour

## ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Во рамките на оваа програма персоналот, членовите и волонтерите на МКЦ-Битола учествуваа во голем број на обуки, работилници, семинари и конференции за зголемување на знаењата и вештините. Поради состојбата со пандемијата на КОВИД-19 поголем дел од обуките се одржани со користење на **онлајн алатки**.




Дел од темите на кои имавме учесници во обуките беа фокусирани на професионална ориентација, буџетирање, мониторинг и известување за проекти, кариерно советување, мониторинг и евалуација, социјално менторство, напредно управување со проектен циклус на европски проекти, обука за обучувачи за животни вештини, вештини за вработливост, менторство и други.

КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:

МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – БИТОЛА
ул. Цар Самоил 29, Битола 7000 Северна Македонија
Тел. 047 233 020
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб: www.mkcbt.org.mk
www.volonter.mk
https://www.facebook.com/mkcbt/
https://www.instagram.com/mkcbitola/
https://twitter.com/mkcbitola

МладинскиКултурен Центар-Битола МКЦ